# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


До
[redacted]
Ул.,[redacted]
Скопје
Врска : Барање бр. [redacted] од 29.11.2022 година

Предмет: Доставување на информација од јавен карактер

Почитувани,
Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр[redacted] од 29.11.2022 година, со кое барате да ви доставиме информација ве известуваме дека барањето е прифатено и Општина Кочани има донесе позитивно

**Р е ш е н и е**

Врз основа на вашето барање може да ви одговориме дека Советот на Општина Кочани има донесено програма за контрола на популацијата на бездомни кучија која во прилог ја доставуваме, Општина Кочани има склучено договор со КЈП Водовод-Кочани кој во прилог доставуваме, Општината ја делегира надлежноста на КЈП Водовод Кочани кои имаат склучено договор со Ветеринарна Клиника Ино -Вет-Куманово кој во прилог ви го доставуваме договорот.

Бр[redacted]
30.11.2022 година
Кочани

Лице за контакт
Јалчн Неџипов **072/306-065**

Лице за посредување при остварување на право
на слободен пристап до информаци за Општина Кочани
Јалчн Неџипов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Бр. 03-441/1
21.01.2022
КОЧАНИ

03-226/1
21.01.2022

## ДОГОВОР

Склучен на ден 21.01.2022 година, помеѓу:

1. **Општина Кочани**, ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, претставувана од Градоначалникот Љупчо Папазов, од една страна како нарачател (во понамошниот текст:нарачател) и
2. **КЈП „Водовод“ Кочани**, ул. „Д-р Николич“ бр.64 Кочани претставувано од В.Д. Директорот Иван Иванов од друга страна како извршител на програма (во понатамошниот текст извршител).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

**Предмет на овој договор е реализација на активностите планирани во Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година, донесена од Советот на Општина Кочани под Бр. 09-3132/1 од 29.12.2021 година, објавена во „Службен гласник на Општина Кочани“ бр.20/2021, прилог на овој договор.**

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност планирана за реализација на активностите опфатени со Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година изнесува **600.000,00 денари со ДДВ,** Буџет на Општина Кочани за 2022 година.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши во согласност со Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година, а врз основа на единечните цени за конкретно извршени услуги утврдени во договорот за јавна набавка што ќе го склучи КЈП„Водовод“- Кочани по спроведена јавна набавка за овој вид на услуги.

Рок на плаќање: 30 дена од денот на доставување на фактура за извршени услуги.

Начин на плаќање: со фактура и приложен извештај за извршени услуги.

**Права и обврски на договорните страни**

**Член 4**

За извршување на услугите опфатени во Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година, правното лице КЈП Водовод Кочани е должно да спроведе постапка за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

Извршителот на услугите е должен на нарачателот да му достави примерок од договорот доделен во спроведената постапка за јавна набавка од кој ќе има увид на цените за извршување на предметните услуги.

Извршителот на услугите е должен да обезбеди услугите содржани во Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година, да се извршат во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник на РМ бр.149/2014,149/2015 и 53/2016) и подзаконските акти.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани во 2022 година е прилог на овој договор.

**Член 5**

Нарачателот од редот на своите вработени за одговорно лице кое ќе врши надзор и следење извршување на услугите од извршителот го овластува **Комуналниот инспектор на општина Кочани Александар Велков.**

Овластеното лице од ставот 1 на овој член за вршење надзор над спроведување на услугите од извршителот е должен до Градоначалникот да доставува извештај за извршените услуги.

**Член 6**

Извршителот од редот на своите вработени за одговорно лице кое ќе врши надзор и следење извршување на услугите предмет на овој договор го овластува лицето Сашко Ангелов.

**Времетраење на договорот**

**Член 7**

Овој договор е со времетраење до 31.12.2022 година.

**Решавање на спорови**

**Член 8**

Доколку дојде до спор помеѓу договорните страни, истите ќе настојуваат тоа да се реши во духот на взаемена согласност, а во спротивно ќе биде надлежен Основниот суд во Кочани.

**Раскинување на договорот**

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**Измени и дополнувања на договорот**

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 11**

За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи.

**Член 12**

Овој договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 3 (три) за секоја договорена страна.

| Извршител | Нарачател |
|---|---|
| КЈП „Водовод"- Кочани | Општина Кочани |
| В.Б. Директор | Градоначалник |
| Иван Иванов | Љупчо Папазов |

Изготвил: Венцо Бојков
Контролирал: Анна Кралева
Одобрил: Дејан Рашков